# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од продолжението на Дваесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 .09.1999 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот.

Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, дозволете ми да го отворам продолжувањето на Дваесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Тито Петковски, Петар Гошев и Чедо Петров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваа на седницата.

Констатирам дека ка седницата присуствуваат мнозинство на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Со оглед на тоа што Четвртата точка од дневниот ред, не беше до крај апсолвирана и околу неа се крена доста политичка расправа во општеството, како и поради иницијативата поднесена од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, заради преиспитување на Одлуката за изменување на Одлуката за именување претседател на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици, процедурално дозволете ми на Собранието да му го предложам следниот предлог, по кој што претходно треба да се изјасниме.

Дали Собранието се согласува со оглед на настанатите околности, а нивната суштина беше оспорувањето на постапката утврдена со Деловникот, понатаму гласањето и т.н., значи дали Собранието се согласува со оглед на настанатите околности одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател на ДИК, секретар и нивни заменици, донесена на минатата седница да ја отповикаме и евентуално ако така се одлучи да се продолжи со работа по истата точка на дневниот ред.

Ве молам процедурално по ова прашање најнапред да се произнесеме и тоа би сакал по пат на гласање.

Ве молам, дали некој бара збор процедурално?

Збор побара г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници. На минатата седница точката Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на ДИК, секретар и нивни заменици, согласно Деловникот, Уставот и другите акти на Собранието на РМ, пратеничката група на СДСМ смета дека воопшто не е донесена.

Доколку е донесена, логично, согласно Уставот законите, Законот за Службен весник, Деловникот на Собранието на РМ таа требаше да биде објавена. Тие рокови се поминати, таа не е објавена од причини разно разни, помеѓу другото политички конфликти во коалицијата, разликите на меѓу пратеничките групи од власта за тоа дали е донесена или не и понатамошни неформални партиски договори кои се направени врз основа, а кои во јавноста прозвучија на некој начин суспензија на Собранието и одлучување за судбината на одлуките на политички собири, на лидерите на политичките партии од коалицијата.

Ние сме уверени дека таа одлука всушност воопшто не е донесена. Согласно ова сметаме дека Собранието и не може да се доведе во ситуација по Вашиот предлог да донесе процедурална одлука дека донесената одлука која што Вие ја прочитавте треба да се отповика. Согласно ова мислам дека прво треба да се расчисти дека Собранието минатиот пат во нелегитимна, не регуларна процедура и без деловнички услови за одлучување не одлучи дека одлуката е донесена односно одлуката не е донесена. Согласно тоа невозможно е сега да констатираме дека таа е донесена. Впрочем, повторувам ако беше донесена таа требаше да биде објавена и во Службен весник на Република Македонија за да можеме ние по неа да расправаме.

Со нашето видување барам овој процедурален заклучок како Вие го нарековте, воопшто не може да се разгледува на таков начин во Собранието, пред Собранието да расчисти дека таа одлука воопшто не беше донесена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски, за збор се јави г-динот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници. Тоа што претседателот на Собранието го соопшти во форма на предлог или иницијатива на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сметам дека е исправно и процедурално единствено можно да го добиеме по писмен пат. Барем на мене и на мојата пратеничка група не ни е доставена никаква иницијатива и никакво барање за преиспитување на претходно, според искажаното донесена одлука. Тоа е едно.

Второ, ние искрено би сакале доколку има таква иницијатива да ги видиме причините поради кои тоа се прави, и

Второ правниот основ на кој се заснива.

Една е ситуацијата доколку пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и понатаму опстојува на становиштето дека е донесена одлука и таа одлука сега бара да се преиспита. Тоа веќе не може да биде постапка за преиспитување, туку за донесување на нова, односно менување на веќе донесената. Само на тој начин е правна и издржана постапката. А, доколку сметаат дека не е донесена тогаш ситуацијата е сосема поинаква. Треба да се констатира дека заклучокот на претседавачот дента на седницата на Собранието не важи, согласно стенограмот што го имаме и таму каде што е запрена постапката таму да продолжи, но најнапред како Собрание да констатираме дека всушност не е донесена одлука.

Од тие причини ние сметаме дека требаше иницијативата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, било да се вика преиспитување на претходно донесената одлука или поинаку, требаше да ја имаме на писмено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг се јавува за збор?

За збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Излегов на говорница да говорам затоа што нешто не во ред, а токму околу таа ситуација е моето пријавување. Да се изброиме колку сме во Собранието, и дали се сите картици вклучени, или не уклучени, затоа што токму тоа доведе до ваква работа. Јас предлагам да се изброиме и кој нема вклучено картица и зошто.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас дадов налог на службите за да немаме повеќе картици, отколку што имаме луѓе, тие што ќе ја напуштат салата, а ја оставиле картицата, ќе си ја добијат својата картица кога ќе влезат во службата.

Според тоа тие ќе бидат бришани од евиденцијата, дека се присутни тука. Тоа засега можеме да го направиме, додека не измислиме некоја друга техника околу картиците. Но, да го оставиме тоа прашање.

За збор се јави г-динот Китановски Лазар.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе, не ставате во многу непријатна ситуација, да еден политички договор кој Вие го имате како владеачки партии, ние да го минеме заедно со Вас во една процедура, која не е законита. Ние не сме спремни тоа да го направиме. Мислам дека треба да разликуваме политички договор меѓу партии, меѓу шефови на политички партии, од она што е законодавен дом во Република Македонија.

Законите мора да се почитуваат во процедурата, без разлика како кој се договарал, и ако се договарал тоа треба да биде низ една законска процедура. Ние не гледаме образложението од ВМРО-ДПМНЕ да каже написмено зошто бара ново гласање. Тоа значи, дали тие самите велат дека првото гласање било незаконито, вон процедурата, или во шот е проблемот. Мислам дека откако ќе го добиеме тоа образложение, ќе можеме да се изјасниме понатаму како да продолжи оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас му благодарам на г-динот Китановски Лазар.

За збор се јави г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас не би сакала да навлегувам во елаборација на случајот, бидејќи за тоа беше доста зборувано и од сите страни инволвирани во случајот, меѓутоа само би навела еден типичен пример, кој што ми се случи пред малку.

Г-динот пратеник сакаше да зборува, присутен е во салата, го притисна копчето, кај Вас не е регистриран, значи за Вас нема пријавено дискутанти и пратеникот не можеше да зборува од место. Самиот пример е доволно елоквентен и зборува за себе, а би сакала исто така претходниот пратеник, г-динот Насер Зибери да го прашам како го објаснува своето не присуство на листингот

на кој што пишува дека не е присутен, кога самиот тој беше на оваа говорница, присутен е на снимките и бараше да добие збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Марковска Ѓулистана.

Реплика сака г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не е тоа можеби г-дине претседателе и реплика, иако пратеник на пратеник нема право ни да му поставува прашање, но сепак заради бонтонот еве ќе кажам.

Јас не сум можел да гласам дента и во моментот кога е ставено прашањето на изјаснување, од причини што во тој момент јас бев на говорницата и барав збор. Тоа е единствената причина, нема никаква друга, а можете и да се уверите од снимките на мониторот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, јас би имал една молба до Вас.

Вие знаете дека ние како Собрание имаме право да носиме одлуки, имаме право и да ги отповикаме одлуките.

Имаме право да ги измениме одлуките, но и да ги дополниме одлуките.

Според тоа, јас ова што Ви го предложив, тоа е во согласност со Деловникот и со Законот.

Ние овде денеска треба да одлучиме, врз основа на ова што како предлог Ви го дадов да одлучиме, да излеземе од оваа ситуација и потоа ќе водиме содржинска расправа за новата одлука.

Според тоа, Ве молам, бидејќи расправата би не водела до бесвест и повторно би не вратила назад, да видиме каква е волјата на Собранието, дали Собранието се согласува, со оглед на сите овие настанати околности, да ја повлече донесената одлука и истовремено да одлучи да се продолжи работата по истата точка на дневниот ред.

Ве молам да гласаме кој е за.

(Процедурално бараат збор).

Повелете ако имате процедурално, има збор Никола Поповски и да завршиме со процедура.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, дозволете сепак да добиеме одговор на процедурата на гласање на која инсистирате.

Имено, Вие не уверувате дека е донесена одлука, која сега треба да ја отповикаме.

Барам прецизно да ми објасните дали одлуката е донесена и како таква објавена во Службен весник, за да можеме ние да ја отповикаме.

Одлука која никаде не е објавена не може да се отповика.

Второ, ако се отповикува одлука која е донесена од Собранието на Република Македонија, на што Вие се повикувате, јас сум уверен дека не е, меѓутоа ако е веќе донесена Собранието не може да укине Закон, одлука или друг свој акт, без да има Предлог на одлука за поништување или отповикување на некоја одлука.

Меѓутоа, Вие очигледно не ни давате писмен Предлог на одлука за отповикување на претходно донесена одлука, затоа што таа одлука не постои, никаде не е објавена и сега инсистирате да гласаме и мислам дека повторно не доведувате како Собрание во позицијата, која г-динот Стојановски како потпретседател на Собранието не доведе пред десетина дена, да Собранието нема услови за одлучување.

Имено барам од Вас, во име на пратеничката група, не во мое лично име, да ни кажете одлуката која ја ставате за отповикување каде е објавена, како таа изгледа, согласно Уставот во Службен весник, кој број е објавена и со кој акт, на чиј предлог во ова Собрание, писмен предлог, се разбира, не терате да се изјасниме, да ја отповикаме. Таа одлука мора да е објавена и ова Собрание по објавена одлука да донесе Одлука за нејзино отповикување.

Сето друго мислам дека апсолутно и Вас како претседател на ова Собрание, во рамки на она што го рековте после седницата и сите нас, меѓутоа во овој случај пратеничката група која ја претставувам не доведува во ситуација да само заглавуваме уште подлабоко во калта, во која заглави ова Собрание со своето чудно, не деловничко, не уставно, однесување.

Затоа Ве молам да ни кажете која е таа одлука која се отповикува, каде е објавена да ја видиме и со кој писмен акт, со кој членови ќе ја отповикаме.

Усмените известувања пред Собранието, дека треба да гласаме за укинување на закони, одлуки, Интерпелации, без писмен предлог за кој ќе се изјасниме со дигање на рака, не се ништо освен едно волонтеристичко однесување на ова

Собрание, кое се заснова за жал, веројатно на политички договори помеѓу лидери на партии, а не во рамките на уставните институции кои се задолжени да носат и отповикуваат одлуки на ова Собрание. Не доведувате во позиција да присуствуваме на Собранието, меѓутоа да не се изјаснуваме за ваков вид на одлуки, дека тие не постојат, ниту се објавени, ниту постојат како Предлог одлуки за отповикување на такви одлуки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави повторно г-динот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, мислам дека е важно да се истакне фактот дека одлука на Собранието, во случајов не може да се отповикува. Одлуката се менува со нова одлука, како што законот се менува со нов закон. Затоа ќе Ве молам треба на старт да се расчисти ова прашање. Ако има одлука, носиме нова одлука по постапка предвидена со деловникот. Со добиен писмен материјал, правно издржано, заснована и т.н. Јас, навистина читајќи го Деловникот и ова искуство што го имам во Собранието, не познава нашиот правен систем отповикување на одлука. Може единствено со нова одлука поинаку да се одлучи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, кога веќе сме доведени во една ваква ситуација, а тоа што сме доведени во една ваква ситуација имавме и главен актер на една ваква ситуација, тоа беше потпретседателот на Собранието, г-динот Стојановски, кој минатата седница, или денот кога ја заклучи точката на дневен ред, односно ја заклучи седницата, тоа беше неговиот став кој го кажа во Собранието и ја заклучи седницата. Јас не знам сега, после неколку дена, иако имаше изјави конференции и т.н., меѓутоа точката беше заклучена т.е. одлуката донесена односно не донесена беше во ова Собрание. Не ми е јасно денеска кој е ставот на главниот актер, односно потпретседателот на Собранието во врска со таа одлука донесена или не донесена. Јас мислам дека и неговото изјаснување денеска не би било лошо да го слушнеме, дали се предомислил, зошто и така натаму, па ние сме луѓе ќе му простиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Исмет Рамадани.

За збор се јави г-динот пратеник Наумовски Рубен.

**РУБЕН НАУМОВСКИ:**

Јас би сакал да дадам мал прилог од оваа полемика.

Имено, она што се оспорува од самите говорници, кои се противат на оваа процедурална постапка, мислам дека во нивните излагања е содржан и одговорот. Имено, тврдењето дека донесена одлука од Собранието станува правосилна кога ќе излезе во Службен весник, а таа веќе не е излезена во Службен весник и со самото тоа процедурално претпоставувам е издржана постапката во која заради ред околности може да дојде на денешната седница, како продолжение на расправата по таа точка и да одлучуваме заради познатите политички околности. Тоа не треба подалеку и пошироко да се објаснува.

Значи, како што самите тие рекоа оваа одлука објавена во Службен весник и со самото тоа процедурално не станува за отповикување на одлука, или измена на одлука, туку според предлогот станува збор за продолжување со расправа и одлучување по истата точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Наумовски Рубен.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јавија г-динот Томислав Стојановски и г-динот Стојан Андов.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немав намера да се јавам, но г. Зибери и другиот ме повика да кажам каква била судбината на мојата одлука. Таква одлука во Собранието нема, а има одлука на Собранието на Република Македонија. Ако некому не му е јасно, тоа е негов проблем, меѓутоа жал ми е во едно, што овие луѓе кои денеска се јавија да говорат за некаква незаконитост беа физички присутни, но на мониторот ги немаше. Не знам на што да верувам дали на нивното присуство или на мониторот на кој самите не сакале да гласаат. Одлуката постои, начинот на кои оваа одлука ќе се замени дали има објавување или не оваа одлука е персонална одлука пак припаѓа во општите акти, меѓутоа Собранието има свое решение во самата одлука, одлуката стапува на снага со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник.

Господа, инсистирањето дали е објавена или не, постои одлука која е на снага, објавувањето е чин кога ќе се објави, а не кога и во кое време, не стоеше во самата одлука кога, навистина во приписите стои време кога ќе биде, меѓутоа во тие закони не стои казнена одредба што ќе биде со одлуката ако не е објавена. Ако има некој да прочита таква одлука, такво решение во законите ајде да постапиме по него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. потпретседател Томислав Стојановски.

Дали уште некој бара збор? Има збор г. Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, драги колеги. Направена е сосема непотребна збрка и треба Собранието да направи напор да излезе од оваа збрка, која е создадена. Создадена е, ве молам, не сакам никого да навредувам, создадена е заради состојба која беше на таа седница, заради малку невнимателно водење на таа точка. Грешката е направена. Сега во која ситуација се наоѓа Собранието?

Собранието се наоѓа во ситуација дека постои одлука, со која е именуван составот на Државната изборна комисија. Ако оваа одлука не е донесена по листингот не е донесена, тогаш на сила е Одлуката во која е претседател на Комисијата г-ѓата Ингилизова.

Според тоа постои одлука, нема да нема одлука, не постои состојба да нема одлука. Ако се наведат други факти кои мене не ми се познати, тогаш оваа одлука ако се докаже дека е донесена, тогаш е таа одлука. Меѓутоа, било која одлука да е, ние се среќаваме со настојувањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се донесе трета одлука на оваа одлука.

Таа одлука, верувајте сега, ако сакате да ја донесете не може да се донесе по пат на отповикување на некоја постојна одлука било која да е. Таква активност на Собранието не постои. Собранието нема право да отповикува донесени акти. Тие акти кога ќе ги донесе Собранието припаѓаат на целата држава и на целото општество и на секој граѓанин. Нив може да ги оспорува само на Уставен суд, а Собранието нив може да ги промени во постапка предвидена со Деловникот. Да предложи одлука за измена и дополна на таа и таа одлука и ништо не ве чини тоа да го сторите. Тоа е патот да имате неспорен документ.

Меѓутоа, сакам да ви кажам и следното. Сакам да помогнам. Мислам дека е направена збрка во државата. Се прават штети за државата како не може да се организира за едни нормални фер и демократски избори за претседател на државата. Замислете, тоа е огромна слабост, затоа сакам да ви помогнам ако сакаме, ако сакате да предложите таква одлука, тогаш предложете ја и напуштете ги споровите за оваа одлука таа не постои. Предлог за измена и дополна на онаа одлука која е објавена, предложете на таа инаку ќе влезете во многу спорови зошто не е објавена оваа и т.н. Меѓутоа, со тој нов состав на одлуката која по актите на државата е на сила. Меѓутоа, тоа не можете да го направите во рамките на 26-тата седница и точка 4. Тоа не е изводливо ни во кој случај. По таа точка на 26-тата седница е заклучена расправата и по неа нема можност да се даваат предлози. Се гласало. Претходно е заклучена расправа и не можат да се даваат предлози по неа. Но, можно е нешто друго. Претседателот на Собранието сега да даде пауза, да донесе решение за свикување на 28-ма седница или 29-та седница и да каже дека е итно, негово право да оцени оти е итна работата, а се работи за ДИК и по паузата да ја одржиме таа седница макар и со една точка на дневен ред - избор на нов состав на ДИК и да ја донесеме таа одлука. Ве молам, на друг начин тоа не може да се направи. Само на уште едно да внимавате ако постои било каква опасност таа одлука и нејзиното донесување да биде во контроверза со преодните одредби од Законот, ставете го прво измена и дополна на Законот за избор на пратеници. Да се избрише од преодните одредби дека трае мандатот на судиите кои се членови, сега да се создаде законска основа на таа одлука и тогаш да предложите да се донесе одлуката. Тогаш ќе имаме уставно и законски неспорен акт.

Јас не навлегувам во тоа кои ќе бидат во таа комисија. Јас лично мислам и сакам било кои да бидат во таа комисија сите да им веруваме, затоа што тие работат извонредно важна државна работа. Овие ситни препукувања се многу непотребни многу опасни, многу штетни, создаваат однапред атмосфера дека нас не очекуваат нерегуларни избори. Ако не се обезбедиме со наши членови во Комисијата, изборите нема да бидат регуларни или ќе ги направиме регуларни. Тоа е опасна тенденција, опасна појава. Јас ви обрнувам внимание ова што го зборувам направете го денеска да се расчисти работата да имаме комисија да си ја тера работата. Нема друг пат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Стојан Андов.

Се јави г. пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас морам да се навратам на една анализа без оглед што во изминатите денови имаше доста анализи и по телевизии и други медиуми од сите пратенички групи, бидејќи еве сега добивме еден допис до претседателот на Собранието и сега ви за ви претходната дискусија мораме сепак како Собрание да се произнесеме околу ова донесување или не донесување на оваа одлука. Имено, за што се работи?

Седницата што беше одржана на 2 септември, како што беше одржана се виде и доста се елабораше во сите медиуми помеѓу пратениците, меѓутоа во законскиот рок одлуката, како што рече и г. пратеник Насер Зибери и во стенограмот од седницата се е тоа запишано, требаше во некој законски рок од службите да биде дадено во Службениот весник најдоцна до 7 дена тоа значи до 9 септември. Меѓутоа, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ претставувана од координаторот Љубен Пауновски ја повлече, односно достави до претседателот на Собранието еден допис во кој се бара преиспитување на одлуката за изменување на Одлуката за претседател на ДИК, секретар и нивни заменици, како што таа одлука гласеше во тој момент. Сега секретарот на Собранието и службите, не знам како оди тоа по Деловникот, требаше ви за ви ова писмо дали да го дадат во Службениот весник или не.

Меѓутоа, сега се враќа назад целата процедура и сметам дека претседателот на Собранието даде еден убав заклучок како да се надмина во најкус можен рок, без оглед на интересите на поедини партии да се излезе од оваа криза на ДИК. Што значи тоа? Тоа значи дека во тогашниот состав на Парламентот, имавме елаборирање и кворум, но се оспоруваше и бројот на пратениците значи тој дел од седницата фактички не работел со кворум и ние треба да продолжиме таму каде е застанато. За да продолжиме таму и да не се ескалира проблемот околу дефинирањето на членовите на ДИК сепак сметаме да се верифицира со гласање на сите пратеници. Јас така го сфаќам предлогот на претседателот и понатаму да се влезе во делот на расправата на седницата по барањето за промена на членовите на ДИК, што го поднесе пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Сметам дека е тоа најбрз можен пат да се излезе од кризата, сега да не излезе како политички маркетинг, треба да си надминеме некои партиски интереси во оваа смисла и да согледаме што значи не работењето на ДИК и нејзиното не формирање не само нејзе, туку и сите други 85 изборни комисии, со оглед на тајмингот што ни преостанува. Сметам дека треба да се изгласа, бидејќи има различни толкувања во однос на вториот дел од седницата, сега да не ги прегледуваме и видео снимките во кој момент како и што, да се надминеме себе си, доблест е тие што направиле дали процедурални или други грешки да помогнат во оваа ситуација и да ја продолжиме седницата со тоа што нормално би гласале за еден ваков текст, како што го предложи претседателот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Карангелевски.

За збор се јави г. Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Можно е малку да се разидеме во некои согледувања со мојот колега сопартиец, меѓутоа мислам дека се наоѓаме навистина пред една фарсична ситуација, која сами ја создадовме овде во Парламентот и мислам дека на крај мораме да дојдеме во ситуација да воспоставиме еден логичен систем на размислување и навистина разумно да се однесуваме во оваа ситуација, која не нуди многу излези.

По мое мислење постои еден единствен излез најбезболно да се излезе од оваа ситуација, но мораме јасно да расчистиме дали имало одлука или немало. Прво тоа мора да се расчисти. Ако наводната одлука која е донесена, а не е правосилна, значи не е објавена во Службениот весник ние не можеме да третираме дека имало одлука. Значи немало одлука.

Навистина би сакал да сугерирам на пратеничката група на ВМРО да има еден сенс во овој случај на едно разумно, логично размислување и да се ослободи од делумната суета партиска и поединечна и да се каже дека во овој случај не сме имале легитимна одлука заради икс причини кои беа овде сто пати наведени и во тој случај можеме да одиме на продолжување на претходната седница, каде комисијата ќе биде во ситуација да предложи нов предлог. Тоа е мојата сугестија и мислам дека во овој момент тоа е единствениот излез.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Стојан Попов.

За збор се јави г. пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Овде се направи обид да се направи една дополнителна анализа и добро е што така се водат работите од координаторот на пратеничката група на ДА, но во таа анализа има најмалку две грешки.

Првата грешка е со искажаната желба во име на пратеничката група одново да се гласа и да гласаат сите пратеници. Ја нотирав реченицата како што беше кажана. Во ова Собрание се знае како се гласа. Се знае како може да се побара повторно гласање и за тој предлог треба да добие поддршка од 10 пратеници. Тоа е демагошки кажана реченица, која сака да ја олесни многу тешката ситуација во која е западнат Парламентот.

Второ, во таа анализа беше кажано дека би можело да се објави во Службен весник во рок од 7 дена, а тоа се совпаѓа со 9 септември, а во меѓувреме пратеничката група на ВМРО поднесе иницијатива до претседателот на Собранието, за преиспитување на одлуката. Ако се види актот на пратеничката група на ВМРО, се гледа дека тоа до архива на Собранието е поднесено точно на 9-ти меѓутоа во 23,55 часот, тоа значи 5 минути до полноќ. Ако се сакало да се објави, ако имало правна процедура издржана за да се објави, тоа значи да се испрати акт до Собранието со потпис на овластени потписници, кои даваат виза за објавување на одреден акт, кој е донесен во Собранието во Службен весник, не ќе се чекало до 5 минути до 12,00 часот, поминал 9 септември работното време, тоа не држи.

Трето, ме интересира, јас не сум правник, меѓутоа во начинот на работењето на Парламентот кој е уреден со многу акти, вклучувајќи го и Деловникот за работа на Парламентот, дали има термин преиспитување, отповикување на акт. Јас мислам, можеби има по квалификувани овде, дека таа пракса до сега не била воспоставена и дека не е правна процедура да се видоизмени акт кој е донесен во Парламентот, по пат на преиспитување или отповикување. Отповикувањето се однесува на нешто што си повикал, што си го назначил. Преиспитување, ме загрижува што ако го оставиме тој заклучок за преиспитување, каков заклучок од тоа ќе донесеме. Ќе донесеме заклучок да се преиспита. Тоа не е исто со измена. Не може друг заклучок да се донесе ако од Собранието се бара да ја преиспита. Тоа значи дека мора да се оди на правна процедура која во себе подразбира чин или на донесување или на изменување или на укинување. Тоа се три активности кои треба да се спроведат во Парламентот, за да се добие во легална правна процедура еден акт на Парламентот, во случајот одлуката.

Јас се согласувам со дискусијата кажана од пратеникот Стојан Андов, дека правната процедура е онаква кава што тој ја образложи овде. Се согласувам со поставеното прашање кое беше овде поставено во која ситуација се наоѓа Собранието, т.е. ние пратениците сега, со ова што ни се нуди да се продолжи работата по иста седница за вас веќе донесена одлука. Пратениците се залагаат во ситуација повторно да грешат и тоа за многу важен акт. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Бузлевски Димитар.

За збор се јави г-динот пратеник Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, навистина човек е во дилема што да предложи во оваа ситуација. Сакам да ве уверам дека нема Устав, нема закон, нема Правилник што би можел, или Деловник што би можел однапред да ги предвиди сите можни ситуации, да ги разреши, да дава разрешувања на сите можни ситуации, што човекот од неодговорно однесување или од незнаење или од злонамера може да ги доведе.

Сосема добронамерно укажувам, било како да постапува ова Собрание, ако постапува и на начин како што предлага претседателот на Собранието, дури  или ако постапува на било кој друг начин освен на начин како што предложи пратеникот Стојан Андов, верувајте ми дека ќе погрешиме. Верувајте дека ќе погрешиме и тоа дебело ќе погрешиме.

Парламентарното мнозинство може да донесе нова одлука, покрај постојната одлука што произведува правно дејство, која што е објавена во "Службен весник на РМ", постојната одлука која што не произведува правно дејство, затоа што не е објавена во "Службен весник на РМ", а постои и во

вториот случај или третиот ќе се соочите со проблемот на членот 32 од Законот. Сосема добронамерно, затоа што се работи за многу важна работа. Веќе ДИК работи, не работи и т.н. Пратеникот Стојан Андов убаво ви кажа, јас само ќе повторам.

Доколку не го менувате законот за избор на претседател на Републиката особено членот 32, било каква одлука, таа ќе биде против законита. Можеме да се спориме со правници, со не правници, со квази правници не сакам да разговарам.

Постапете, уште еднаш Ви велам на Парламентарното мнозинство и ова е добра намера, на начин дословно како што предложи Стојан Андов. Поинаку, ќе погрешите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Абдурахман Алити.

Повторно се јави за збор г-динот пратеник Карангелевски Радомир.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Бидејќи бев спомнат во дискусијата на г-динот пратеник Димитар Бузлевски, колку да не дојде до погрешно толкување, и самиот призна дека не е правник и јас не сум правник, меѓутоа ги консултирав правниците, кои се добро познати во оваа држава, се работи за рок *од* 7 дена до кога Службата треба да го даде. Тоа значи до 24,00. Нека биде и една минута до 24,00 тоа отповикување веќе влегува во архива, а кога ќе се достави до Службениот весник, тоа е веќе друга работа. Што се однесува до формалниот дел.

Што се однесува до суштинскиот дел, ние имаме ситуација дали ја имаме одлуката или ја немаме одлуката. Значи, постои прашање од кое што треба да излеземе. Едно е ова што предложи претседателот на Собранието, во случај дека немаме одлука и второто е што го предложи г-динот пратеник Стојан Андов, доколку сметаме дека одлуката е донесена. Јас се обидов да објаснам дека ова решение - дали има одлука или не, треба да се разграничи за да знаеме по кој пат Собранието понатаму ќе работи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Карангелевски Радомир.

Збор има г-ѓата пратеник Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, веќе имавме можност, како што би рекле педагозите, со нагледно средство, односно токму по примерот на тоа што се случуваше на претходната седница и на оваа седница да регистрираме со сопствен пример, дека листингот не го регистрира физичкото присуство, а дека физичкото присуство е единствено релевантно за кворум. Меѓутоа не е.

Бидејќи се работи за иста седница, односно бидејќи сме на продолжение на 26-та седница, на која што веќе еднаш е донесена одлука, согласно член 122 став 2, во кој што се вели дека претседателот смета дека на седницата не присуствуваат доволен број на делегати и ќе нареди да се изврши прозивање за поединечно гласање, барам во согласност со став 3 поддршка од 10 пратеници, за потврдување на веќе донесената одлука и барам со кревање на раце тоа да го потврдиме, односно пратениците поединечно да се изјаснат, да ја потврдиме Одлуката за избор на претседател и членови на ДИК. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Бузлевски побара збор за реплика.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Репликата е во следново, не се консултирав со правници, меѓутоа елементарно прашувам дали може акт што го има донесено Собранието, а што треба да се објави во Службен весник, да се оспори неговото објавување со барање од пратеничка група?

Во суштина, во таква ситуација вие се имате доведено. Оттаму, кај мене е дилемата, јас не бев на таа седница, дали има донесено одлука или нема донесено одлука? На тоа треба да одговорите Вие.

Кога сум веќе тука, го читам стенограмот, точката 4 е исцрпена. После исцрпена точка дали има пратеник право да бара поединечно гласање по таа точка? Нема.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам г-да пратеници, овде имаме уште многу пријавени за дискусија.

Ќе ве молам, изгледа дека ние на почетокот не се ни дослушнавме. Јас ви реков, со оглед на тоа, повторувам, што точката четири од дневниот ред не е апсолвирана, тоа јас го констатирам како претседател, јас се грижам за законитоста на сите одлуки, дека не е апсолвирана од околностите што ги кажав, процедурални и други, јас сега го поставувам прашањето како претседател пред вас сите овде, да одлучите - ја потврдуваме ли таа одлука уште

еднаш, бидејќи 51 гласаа или ние сме имале такви ситуации, каде сме прекинувале седници, тоа беше прекината седница, или пак ќе продолжиме со дебатата врз основа на таа одлука, па ќе му дадеме право на Претседателот на Комисијата за избори именувања, бидејќи во меѓувреме настанаа други измени и т.н.

Според тоа, Ве молам, тоа прашање јас барам денеска да се изјасниме. Да се изјасниме. И, затоа Ве молам да гласаме дали сме, уште еднаш за Одлуката, бидејќи јас исто така, лично ако ме прашате како претседател, затоа го поставувам ова прашање и затоа се согласив со ова што ВМРО го покренува, бидејќи постојат одредени дилеми. Дилеми постојат и кај мене. А, јас сум најодговорен пред вас сите и пред општеството и пред државата во поглед на заштита на законитоста. Затоа не се ни објави таа.

Затоа го поставувам повторно, ние сме имале многу ситуации, ајде да не кажам многу, но повеќе ситуации каде што констатирам дека има одредени неправилности, според мене, во процесот на гласањето, збор даден – не даден, деловнички и т.н. и сме ги прекинувале седниците и сме ги продолжувале само за чинот на гласањето.

Овде ја враќам целата процедура назад и барам од вас со гласање повторно да кажете има одлука или нема одлука. Тоа е дилемата пред која што денеска се поставуваме. Затоа што очигледно е дека со самото барање од страна и волјата што ја пројавува една од најголемите политички групации во Парламентот, со самото тоа сакаме да ги симнеме сите дилеми што постојат кај мене, можеби и кај некој друг.

Затоа, со чинот на гласањето денеска да кажеме продолжуваме ли со расправа по точката 4, а тоа значи не сме донеле одлука, или пак гласајте по таа одлука, имаме 61, веројатно, гледам овде сте многу, имаме 61 и тогаш, независно од тоа што јас мислам или не мислам работата, ќе оди како што треба да оди. Тоа е дилемата и да прекинеме сега од овде со надмудрувања.

Едноставно ве молам и го ставам на гласање...

(Пратеникот Бранко Црвенковски бара збор).

Многу ве има овде, ќе Ви дадам на секој збор.

(Пратеникот Бранко Црвенковски бара процедурално да му се даде збор).

Еве, ако сакате ќе одиме по ред.

Процедурално имаат и други.

Еве, се јави Сулејмани Ризван, Спасов Ѓорѓи, Поповски Љубомир, Стојановски Томислав, Зибери Насер, Симев Вангел, Харуни Сејфедин и Црвенковски Бранко на крај.

Процедурално ќе добиете збор кога ќе Ви дојде ред.

За збор се јави г-динот пратеник Сулејмани Ризван.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе на Собранието, овде се ставивме во ситуација да водиме правничка дебата, околу тоа има или нема одлука.

Не сакајќи да се ставам во позиција да толкувам закон или правилник, дозволете да објаснам што точно се случува во Парламентот на Република Македонија, најпрво на моите избирачи.

Како инженер ова го сфаќам вака - поглавиците, лидерите на политичките партии немале договор кој ќе им ги брои гласовите. А дали, реков не е битно кој кандидат е подобар, битно е кој ги брои гласовите.

Во овој случај лидерите не успеале да се договорат кој ќе им ги брои гласовите.

Во меѓу време, уз виски и шампањско, а под столот секири и пиштоли, се договориле. Сега ние ова многу јасно и совршено го сфаќаме дека е тоа така. Не дека не е тоа така и не дека нема да го прифатиме, но битно е дали, ако и понатаму се продолжува вака да се работи, им текне случајно пратениците место да седат во седиштата, на една нога да влагаат и излагаат од Собранието, тогаш ќе се согласиме на тој начин да работиме.

Во тоа е суштината на работата. Не е во тоа каков е излезот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Селмани Ризван.

Г-динот Стојановски Томислав има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, дали некој ќе ни признае квалификација, тоа е негов проблем не е мој.

Законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во Службен весник. Законите влегуваат во сила, само за нив се однесува, осмиот ден од денот на објавувањето. Тоа е уставна одредба. Другите одредби немаат никакво значење кога ќе се објават.

Дозволете, оваа одлука што ја донесовме влегува во сила во моментот на донесувањето а, во самата одлука стои дека ќе се објави во Службен весник. Значи не станува проблем дали е на снага или не.

Станува проблем дали е објавена или не.

За не објавувањето, говорам, иако од моја страна има преземено редовни постапки, зошто така не е постапено, не сакам да говорам воопшто.

Меѓутоа, треба да се направи разлика помеѓу закон и другите општи акти што не се поместени во Уставот, меѓу кои припаѓа и оваа. А, кога се работи за персонално решавање, тогаш влегуваат во сила во моментот кога ќе се донесат на Собранието.

Дали имало или немало кворум, не сакам да се повторувам натаму. Некои од господата кои се појавија во средствата за јавно информирање и тврдеа дека немало кворум, а најавува дека биле во салата, а ги немало да гласаат. Па се прашувам кого тие претставувале, себе или апаратот? Тоа е едно.

Вториот дел, има стенограм. Јас не сум го правел тој стенограм. Во стенограмот децидно стои - во овој момент, на оваа страна еве, имате 64 пратеници. Било доволно да има кворум за работа. Уставот е јасен дека Собранието одлуките и другите закони ги донесува со гласање од присутните, а не од оние кои гласале.

Јас не знам во што е дилемата. Ако сакате да дадете политички проблем, Вие го направивте тоа. Кој аир ќе имате од него водете си самите сметка.

Што е битно во овој момент? Дали ние што предложи г-динот Саво, да направиме ете, да кажеме, демократска постапка по принципот оној кој донел и одлучил може самиот тоа да го измени, дали ова Собрание има сили ова да го прифати или не? Ако нема, ќе се применува одлуката што е донесена. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојановски Томислав.

За збор се јави г-динот пратеник Зибери Насер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И покрај добрата желба, навистина, дури сега не го разбирам г-динот Стојановски.

Цело време не убедува како имало кворум, како седницата е водена согласно Деловникот и како е донесена одлуката. Ако е така, јас се прашувам што денеска расправаме, што денеска бараме, што денес сакаме? И, од кои причини е ова барање од ВМРО-ДПМНЕ? Тоа е една работа.

Втора, дека не било деловнички и дека не сте ја воделе седницата согласно Уставот и Деловникот, говори стенограмот г-дине пратеник Стојановски.

По паузата, вели, "Седницата продолжи со работа во 16,47 часот.

Томислав Стојановски има услови за работа, продолжуваме".

Не сте смееле вака да продолжите. Сте требале, а во стенограмот ќе стоеше - констатирам дека во салата има 61 пратеник, Собранието може полноважно да одлучува. Тогаш се продолжува г-дине Стојановски. Тоа е едно.

Второ, во моментот кога вие констатирате, односно прашањето го ставате на гласање, согласно членот 117 и 188 од Деловникот, сте должни да прашате - дали има уште некој кој се јавува за збор?

И, второ, согласно 118, да констатирате дека, бидејќи нема повеќе пријавени пратеници за дискусија, за збор, го заклучувам претресот и одлуката ја ставам на гласање. Согласно на стенограмот, ни тоа вие не го правите. Него, велите - Господа, бидејќи никој не се јавува за дискусија, ја затворам дискусијата и предлогот го ставам на гласање. А јас, цело време притискам таму, дигам прсти, во меѓувреме додека вие ја ставате точката на изјаснување, јас стојам како денес, за среќа жив и здрав. Барав збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Од место).

Бараше ли збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, да, овде, кај што сум денес.

Уште една потврда за повреда на постапката.

И конечно, листингот на кој толку пати се појавувате.

Ова, не сум го измислил јас. (Го покажува листингот на пратениците).

Да, дека сум барал збор додека г-динот Стојановски, точката ја става на изјаснување.

Да, број 28 тоа сум јас и број 69 тоа е Никола Поповски.

Но, тоа е тоа, има една римска поговорка, вие ја знаете, да се поведеш со аргументи контра своите факти и тези.

Тоа го прави денес ВМРО-ДПМНЕ и г-динот Стојановски. Цело време не убедува дека има одлука, дека е таа по Уставот и Деловникот водена, а бара преиспитување. Не сфатливо.

Но, еве, господата Стојан Андов и Попов, мислам дека беа најблиску до излезното решение, прво да се констатира што е што, тоа што бараше, па после се приклучи и координаторот на ДА. Има одлука - нема одлука, нова.

Ако има нова одлука, една е постапката и ќе се повикуваме да ја менуваме изменетата веќе одлука по постапка предвидена со Устав и Деловник, а ако нема на сила е одлуката првобитна, тогаш ќе бараме смена на таа одлука, но по постапка за која зборуваше цело време г. Андов. И, за менување на членот 32 од Законот за избор на пратеници и по постапка со свикување на седница на Комисијата за избори и именување и т.н. Навистина, ако сакаме да излеземе од ситуацијата, мислам дека предлозите на двата господа и Андов и Попов беа тоа. Не може ВМРО-ДПМНЕ, заради суета, заради предизборието, да биде и риба и девојка. И има одлука и нема, има, ама ќе ја преиспитуваме. Тоа не може.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Насер Зибери.

За збор се јави господинот Симов Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, добивам впечаток дека на оваа седница се сака да се врши, нешто многу повеќе сака да се обрне внимание на маркетинг, отколку да се разреши овој проблем.

Ние не дојдовме денеска во оваа собраниска сала, да вршиме анализа што било на претходната седница, туку денеска се собравме да го разрешиме проблемот со одлуката. Само накратко да напомнам дека, позицијата тврди дека одлука има, а опозицијата тврди дека нема одлука. Не навлегувам во тоа. Затоа, постои едно соломонско решение, поточно фер плеј.

Јас, затоа ќе предложам како да се надмине оваа одлука. Одлуката може да се надмине, односно овој проблем само ако денес се гласа повторно. Со тоа проблемот ќе го решиме. На овој народ му е преку глава, препукувања и докажувања за тоа кој е во право. Правото ќе го кажеме со гласањето.

Еднаш за секогаш веќе да престанеме, а тоа можеме за најкраток временски период да го разрешиме и да работиме на други точки или имаме многу по паметни работи, отколку да докажуваме кој е во право, а кој не е во право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Симов Вангел.

Збор има г. пратеник Црвенковски Бранко.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Пред се, би сакал да кажам дека во сиот овој изминат период од 10-11 месеци од функционирање на овој Парламент, како највисок законодавен дом во Република Македонија, со цела серија на постапки, настани во различни ситуации, систематски се руши авторитетот, угледот и дигнитетот на Собранието на Република Македонија. Не е проблемот само околу оваа последна седница, која што како што вие се изразивте, предизвика многу политичка дискусија или полемика во општеството, туку имаше и други ситуации каде што, верувајќи во политичката математика и силата на парламентарното мнозинство се запоставуваше и Деловник, и процедура, и Устав, и закон. Ние имавме ситуации кога донесувавме Закон за ратификација за меѓународна спогодба, при што никој од пратениците немал можност да види што е тоа за што гласа.

Имавме ситуација кога Вие претседателе, се определивте слободно да го толкувате Уставот и да одредувате кога може, а кога не може претседателот да говори пред овој Парламент. Заклучно со оваа последна ситуација, каде што повторно во име на математика и парламентарно мнозинство се издекларира една агресивност, една сила, махалност, не почитување на норми, закони и процедури, верувајќи дека, бидејќи е силата и математиката на наша страна, нема потреба да се почитува ни Устав, ни Закон, ни Деловник, ни процедура.

За таа работа, за тоа што ова Собрание е доведено во ваква понижувачка ситуација на последната седница, немојте вината да ја барата кај опозицијата. Целокупната одговорност за оваа ситуација, за ова нарушено достоинство на Собранието на Република Македонија, е токму во рацете на владината коалиција на парламентарното мнозинство.

Што се однесува до конкретната ситуација, Одлуката за изменување на составот на ДИК има три аспекти, кои ние

мораме да ги имаме предвид. Мислам дека ние се стеснавме и само анализираме имало или немало кворум во моментот на донесувањето на одлуката. Има еден политички аспект, претседателот на Собранието на почетокот на месец август точниот датум беше 6 - 7, не се сеќавам точно ги закажа претседателските избори. Поточно тоа беше 9 август. Веќе отпочна изборната процедура, знакот за старт во таа трка беше даден. Не може да се менуваат правилата на игра, откако веќе трката е почната. Не може парламентарното мнозинство на сред процедура и закажани претседателски избори, да оцени дека е дојден моментот да го менува составот на ДИК. Бидејќи, тоа фрла дамка на претстојните избори, се подготвува терен, се подготвува атмосфера за манипулирање или лажирање на претстојните претседателски избори.

Втора работа е законскиот аспект. Со донесување на Законот за избор на претседател на Републиката, ако не се лажам, токму амандман потпишан од господинот Пауновски, поднесен, прифатен од страна на министерот за правда, во кој се вели дека на постојните судии на Врховниот суд, членови на изборната комисија тие продолжуваат да ја вршат работата до крајот на мандатот. Вие предложивте измена на таа одлука со содржина која е директно спротивна на таа законска одредба. Што значи, не е проблемот во тоа дали имало кворум или не, сме донесле одлука која што е спротивна на постојниот закон, кој што е на сила.

Третата работа е, таму јасно стои дека, тие членови на ДИК, треба да бидат од редот на врховните судии, односно судиите на Врховниот суд. Во содржината на одлуката, која што е донесена или не е донесена на претседател на комисијата е предложен човек, кој што тоа денес не е туку, е пензионер. Значи, повторно кршење на законската регулатива.

Следниот сегмент е парламентарната процедура, дали законска или не, дали е барем во процедура согласно со Деловникот донесена таа одлука. Вие тврдите, еве дури и на денешната седница г. Томислав Стојановски, кој што беше претседавач, дека одлука легитимна, согласно процедурата, со кворум во ова Собрание е донесена. На крајот на краиштата записникот потврдува дека претседавачот така ја затворил расправата по точка 4 е завршена, враќање назад нема. Ние можеме на нова седница да ја менуваме одлуката, ако одлуката е донесена.

Во тој случај се поставува прашањето, во има на кое ваше уставно или законско право, господине претседателе, Вие не сте го потпишале Указот за објавување во Службен весник. Вие немате право да донесувате волонтаристички оценки, дали Собранието добро или лошо одлучувало. Не е тоа како правото на претседателот на државата дадено со Устав, дека тој има право на вето, односно да не го потпише Указот, после што следи нова расправа во Собранието на Република Македонија по тој закон и ако Собранието донесе одлука, односно го изгласа тој закон со 61 од 120 по автоматизам претседателот на државата, веќе мора да го стави својот потпис. Ако ние говориме за тоа дека одлука е донесена, тогаш господине претседателе, Вие сте излегле надвор од вашите ингеренции и по Устав и по закон и вие носите директна одговорност, зошто таа одлука не е објавена во Службен весник. Тоа е едната работа.

Втората работа, ако е одлука донесена тогаш единствен начин е оној кој што мисли дека нешто треба да се менува во случајот иницијатор за свикување на оваа седница на Собранието е парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, да поднесе формален Предлог за измена или дополнување на постојната Одлука за состав на ДИК. Тоа е единствен начин ако тргнеме од тоа дека постои легитимно донесена одлука на минатата седница на Собранието. При што, останува проблемот со не усогласеноста на таа одлука со решенијата од Закон за избор на претседател, во делот на мандатот на постојните членови на комисијата, судии од Врховниот суд и околу претседателот, кој што исто така, не може според законот да ја врши таа функција, бидејќи не е од редот на активни членови на Врховниот суд.

Ако пак, се смета дека одлука не е донесена, во тој случај ние не можеме вака како што вие предлагате на не процедурален, на не законит, на не уставен начин да излеземе од таа деструктивна или понижувачка ситуација, во која што се наоѓаме, повторно треба да се најде согласно Деловникот, согласно законската регулатива и Уставот, процедура со која што ќе излеземе од оваа ситуација. Правниците можеби подобро знаат, а јас лично мислам дека деловнички по завршувањето на расправата не е можно да прејдеме на предлог, како што тоа го кажа госпоѓата Марковска, со поддршка од 10

пратеници на поединечно гласање, бидејќи записнички од страна на претседавачот е утврдено дека расправата по таа точка е завршена.

Дали постои можност да се констатира дека одлука е нелегитимно донесена, без кворум, значи е невалидна, значи немаме одлука и согласно тоа да се вратиме на таа точка, тоа е друго прашање. Меѓутоа, во тој случај треба да се констатира одлуката донесена на минатата седница на Собранието е донесена нелегитимно, без доволен број на присутни пратеници во собраниската сала, без кворум и од тие причини таа е нелегална, нелегитимна, невалидна и мораме повторно да ја отвориме расправата.

Тоа е вториот начин, кој што ми изгледа од правен аспект малку на повеќе стаклени нозе, отколку она претходното со закажување на нова седница на Собранието, со Предлог за измена или дополнување, без разлика дали на одлука донесена од минатиот пат или на онаа важечка, која што ниту сме ја измениле ако немало валидна одлука на минатата седница.

Третиот начин е, да ја прекинеме седницата на ова Собрание, да излезете со Предлог за промена на Уставот, каде што ќе напишете предлог дека највисока институција во Република Македонија над Собранието, над Уставен суд, над Врховен суд, над целокупното судство е институцијата пиење кафе меѓу Љубчо Георгиевски и Васил Тупурковски во Галија и тоа е местото кад што се обзнанува што е уставно, што не е уставно, што е законски, што не е законски, што е процедурално, што не е процедурално. Пред 5 дена имавме јавен став дека, одлуката е легитимна, став на ВМРО-ДПМНЕ. Денес велиме ќе ја преиспитуваме. Тогаш имавме став на претседателот на Собранието во има на Демократската алтернатива пратеничката група, дека таа одлука е незаконска, спротивна на Уставот, спротивна на процедурата и дека Демократската алтернатива ќе покрене иницијатива пред Уставниот суд. Пред неколку дена имавме став од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дека претседателот на Собранието е интригант, манипулант, дека манипулира со седниците на Собранието, дека го руши дигнитетот и достоинството на највисокиот законодавен дом во Република Македонија.

Пред неколку дена имавме став на Демократска алтернатива дека продажбата на рафинерија ОКТА на грчкиот партнер е криминал, кој е штетен за интересите на Република Македонија. Имаме кафе пиење, затоа велам да ја воведеме таа институција во Уставот, каде што после тоа претседателот на Собранието веќе не е манипулант и интригант и иницијативата за негово разрешување се повлекува, каде што се објавува дека ДА одлучила спротивно на претходните ставови, дека продажбата на рафинерија ОКТА е криминал, дека ќе гласаме на следната седница и ќе даде поддршка дека, одлуката за која што претседателот на Собранието во има на Демократската алтернатива рече дека ќе поведе уставна процедура, одеднаш по негови сопствени зборови денеска е легитимна и треба да ја отповикаме, бидејќи за денес што повикуваме, треба да постои легитимна одлука.

Оттука, бидејќи, вие директно свесно или несвесно, намерно или ненамерно го рушите авторитетот на ова Собрание, внесувате забуна или фрлате дамка на претстојните претседателски избори уште и пред да почне кампањата, дури потпретседателот на Собранието г. Стојановски јавно ја разработува варијантата за работење за поништување или неуспешност на претседателските избори, доколку кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ не се пласира во вториот круг и т.н. Не барајте од нас, од страна на опозицијата да станеме соучесници во вашето рушење на авторитетот на ова Собрание, рушење на авторитетот на Уставниот суд, на судството во Република Македонија, бидејќи ние не сакаме да ви бидеме покритие за овие прљави и валкани игри, што ги играте овдека пред цела македонска јавност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Црвенковски Бранко.

Збор има г. Амди Бајрам, кој бара реплика.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитувани господа пратеници, почитуван претседателе.

Мислам дека за македонската јавност е добро, никој повеќе да не си правиме маркетинг и јас предлагам од тука денеска што ќе донесеме, донесеме и ова Собрание, бидејќи се објавени претседателските избори, ова Собрание повеќе да не заседава, затоа што го злоупотребуваме секој без разлика од која партија доаѓаме. Ова не е добро, граѓаните

ги донесуваме во некоја конфликтна ситуација, дали вака или така, дали овој или оној, седнал, без разлика дали јас со СДСМ пијам кафе или со ВМРО или со било кој. Но, целта е во тоа да видиме ова Собрание, оваа одлука јасно и гласно е дека не постои во службен гласник. Се знае дека денес ја продолжуваме, сега треба да изгласаме, но предлагам во Собранието да не се одржуваат седници и да не се употребува овој Парламент, како злоупотреба за претседателските избори сега засега. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г. Карангелески Радомир, во име на пратеничката група на ДА.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, очигледно некои заложби за надминување на состојбата и некои доблести што ги спомнав во првиот дел, не може да се согледаат во денешнава дискусија. Меѓутоа, морам да ги разочарам некои дискутанти, дека немало само кафе, имаше и други работи.

Исто така, темите што се спомнати, апсолутно не се тие кои што се обидува македонската јавност да се дезинформира, дека на таа средба е разговарано за такви теми, во врска со проблемот што го имаме денеска, што се обидуваме да го разрешиме и со она што го имаме се очекува на наредната седница. Значи, линкот е апсолутно погрешен.

Сега, можеби информациите, односно изворот е погрешен или е ова чисто така една манипулација. Меѓутоа, во име на пратеничката група и во име на група, каде што никој не може во оваа држава, која што е демократска да забрани или да манипулира со одредени средби, на било кој политички субјекти, кои што разговараат, разменуваат мислења и изнаоѓаат и се обидуваат да изнајдат решение, за излез од одредена криза.

Јас во првото мое јавување, ќе повторам, дека ние го гледаме излезот, дека не е донесена одлуката, дека седницата не е заклучена и уште еднаш повторувам врз база на тоа, треба да се бара решението на продолжување на седницата, таму каде што е застанато.

Очигледно дека овој момент е одличен да се искористи што веќе многу пати е изречена една изрека, која што мене не ми се допаѓа, веќе е излитена политички маркетинг, меѓутоа очигледно не можеме да се надминеме себе си за оваа ситуација.

Јас ве молам, решението е во продолжувањето на седницата, која што се знае како заврши, дека не заврши и дека одлуката не е донесена. И, од таму треба да тргнеме. Тоа беше предлогот на пратеничката група на ДА и тоа треба ви за ви заклучокот што го предложи претседателот, на тој начин да продолжиме со седницата. И од место кога се јавив реков дека, имаме спротивставени правнички толкувања, дали е завршено или не е, тоа е сосема друг тек на седницата, како што дискутираше и господинот Стојан Андов и господинот Насер Зибери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Карангелевски, за збор се јави господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мене ми е жал што морам уште еднаш да се јавам.

Јас сакам да се обратам на секој од Вас како свој колега, без оглед на која пратеничка група припаѓа. Сакам заедно да пробаме дали можеме да излеземе од оваа состојба, која не сакам да навлегувам како дојде до неа, а и штети на државата. Верувајте дека на државата и штети. Ако не направиме напори од тоа да излеземе, сме соучесници во правењето на штетите, без оглед кој мисли во даден момент нешто од тоа може да извлече. Тоа е општа штета. Јас ви кажав точно како треба да се постапи. Ако така не се постапи, многу ќе се погреши. Ќе донесете невалиден акт.

Од друга страна, ако се постапи како што е сега предлогот да се отповика правен акт кој е донесен, бидејќи по тоа се претставува Ве молам, да се отповика, да се повлече, или преиспита, некој постојан акт кој постои. Тогаш Ве молам, се воведува една цела сфера на нови активности на Парламентот, од формата на преиспитување. Верувате тогаш никој нема да има било каква правна сигурност во државата. Нашите акти ќе бидат за потсмев. Ние што ќе одлучуваме сега, на страна сега оваа работа, настрана оваа одлука како ќе биде. Но, сите акти ќе бидат под сомневање, дека само ако се седне некаде, може да почне преиспитување на тие надвор од постапка, надвор од тоа што е по уставот предвидено и т.н. Немојте да бидеме соучесници на тоа, а имаме изгледи. Јас Ви тврдам дека имаме изгледи. Направите точно како што Ви велам. Потполно е сеедно дали е

донесена или не е донесена таква одлука. Одлука има. Или ќе ја земете како основ донесената одлука, но ризикувате после Уставниот суд да покрене постапка, дека сте ја заснвалe новата одлука на не донесена одлука, или пак да признаете дека не е донесена одлука. Ако не е донесена одлуката, постои одлука, на која се однесувала таа одлука, таа е на сила, по која госпоѓата Ингилизова е претседател на ДИК. Таа одлука Вие сакате да ја промените. И променете ја. Уште еднаш се осврнете каква е законската основа. Таму имате стапица и тоа треба да иде.

Затоа, предложете прво да се промени одредбата во законот, член 32. Тоа нека ни биде прва точка.

Втора точка, вашиот Предлог за нова одлука за измена на Одлуката за составот на Државата изборна комисија. Ова можете да го направите, досега ќе беше готово, ако така тргнавте, претседателот на Собранието направи пауза, да закаже нова седница, негово право е, тој оценува дека има потреба од итна седница. И може да се донесе таква одлука. Верувајте, не навлегувам во составот ваков, таков, дали е исправен, дали е добро и т.н. Во овој момент натамошните заплети околу тоа, ова Собрание да нема сила на законит начин да утврди состав на ДИК, кој е врвен орган кој ги спроведува изборите, комплетно ја менува атмосферата и довербата и на граѓаните и на меѓународната јавност, во нашите намери да изведеме фер и демократски избори. Немојте сами себе да се деградирате. Немате потреба. И ништо не значи тоа што претходно вака сте се договориле. Како што сте се договориле така Ви објасниле. Треба да видите и да послушате. Не е лошо тоа. Може да се реши и ќе ве ослободи Собранието од сите овие работи.

Јас сум просто зачуден морам да ви кажам, како претседателот на Собранието воопшто смее да предлага вакви работи. Ова е фактички опасност  да се наруши целиот правен систем.

Избегнувајте ги тие работи, немојте во тоа да навлегувате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Андов, значи навистина ние ќе можеме да си правиме маркетинзи колку сакаме и да обвинуваме и претседател и Собранието, да го обвинуваме дека навистина го урнало сопствениот изглед.

Токму затоа, би сакал да потсетам дека, нај вработена институција ни беше Уставниот суд, токму поради тоа што многу легално работело претходното Собрание на претходната власт. Сега Уставниот суд и премногу работа нема. Не може да се говори за нарушен углед на Собранието. Но добро, независно од тоа, дајте, имаме овде една ситуација, од која што лесно можеме да излеземе. Тоа е, ако немаме одлука, да констатираме дека немаме. Тоа е најлесен начин. Да констатираме дека немаме одлука и во таа ситуација ние понатаму ќе ја замолиме Комисијата за избор и именувања да подготви нова одлука после паузата. Зошто сега ние си ја комплицираме, имаме, немаме. Моето мислење беше дека не е апсолвирана таа точка од дневниот ред и дека ова една таква ситуација, каде што некои тврдат дека има, нема и т.н. да се определиме и да гласаме. Во таа смисла, јас и го предложив тоа. Јас не можам да ви го оспорам правото. Има многу за дискусија и секој ќе добие збор. Моето мислење беше тоа и во тој случај, ако немаме одлука, ние лесно си продолжуваме со работа.

Според тоа, да ја расчистиме таа дилема. Ја затоа го поставив прашањето за гласање.

Господа пратеници, според мене, нема одлука и можам во таа ситуација да ја понесам целата одговорност дека немаме одлука од икс причини. Па според тоа, едноставно реков не е апсолвирана четвртата точка од дневниот ред да продолжиме, му го оставив прашањето за гласање да ми потврдиме, во оваа смисла дека немаме одлука.

Ако сакате вие можеме да дискутираме до бесвест и да закажам утре или во текот на денешниот ден нова седница и нова одлука да подготвиме и да излеземе од тој ќорсокак. И тоа можеме да го направиме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, четири пати бев пријавен за дискусија, четири пати се повлеков и очигледно е ова што барав процедурално да се јавам, бидејќи гледам најголемиот број од позицијата, поготово господата од ВМРО и други, не сакам да ги навредам, молчат и на она што сите досегашни дискутанти рекоа дека одлука нема нова, а дека постои онаа првата, тоа е повеќе од точно.

Господине претседателе, ако сакаме да се ослободиме од оваа ситуација на која не влече ние 119-те мудреци не можеме да излеземе од ова, ако господинот Стојановски не излезе да ја води оваа седница, таа ќе

беше завршена за три минути, како и првиот ден кога истиот ја водеше седницата. Ние од местото реагиравме, тој не ми даде ни збор.

Затоа, народот вели еден да направи обид да фрли камен во бунар, стотите паметни не можат да го извлечат. Ние 119 паметни не можеме да го извлечеме ова, доколку Стојановски не излезе да заседава со седницата. Ја сум сигурен, нема правник, по правник од него. А јас лично не сум правник, но барам да се нострифицира неговата правна одлука. Барам тој да заседава со оваа седница и да биде завршена. Инаку, нова одлука нема и она што постои и натаму е на сила. Единствено да се изјасни Собранието, остануваме да ја повлечеме четвртата точка од дневниот ред и да се продолжи.

Господата од ВМРО не смеат да се пожалат од таа Државна изборна комисија, затоа што со неа ги добија изборите. Туку е нешто друго во прашање дали се гласачите зад нив сега. Допрва од тоа се плашат. А јас сум сигурен дека на оваа ситуација и на оваа состојба никој не добил, туку господинот Стојановски.

Затоа нека ја води, бидејќи вие не сте способни да ја водите седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Такви навреди не би требало да ги слушаме од оваа говорница, бидејќи сепак сме колеги и во таа ситуација да внимаваме како се однесуваме.

Јас го почитуван колегата Томислав Стојановски и тој е потпретседател, според тоа со потполно уважување на неговото правничко знаење.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани драги колеги.

Јас во врска со денешната точка на Собранието на Република Македонија, мислам дека ако вака продолжиме, а главниот проблем е сигурно во двете коалициони групи на Собранието на РМ, имавме сега прилика во почетокот од страна на претседателот на Собранието да добиеме изјава, дека треба да се оди со отповик на одлуката донесена на 2 септември, потоа потпретседателот кој ја водеше седницата, потврди дека одлуката е донесена, сега од координаторот на ДА добивме изјава дека одлуката сепак не е донесена, а на крајот исто така дојдовме до една изјава на претседателот на Собранието, дека одлуката не е донесена, а се бара само потврда од ова Собрание дека тогаш и тогаш на таа седница немало кворум. Јас се плашам, ако вака продолжиме, ќе ни се случи една ситуација, која што летово беше доста актуелна во Република Македонија, а тоа беа состојбите во фудбалскиот сојуз на Македонија. Очигледно би требало да го повикаме или УЕФА или ФИФА да ја расчисти ситуацијата. Таму се многу јасни правилата на игра, тоа значи дека од моментот кога настанува не регуларност, било во фудбалска игра, било во организација, било во донесување на одлуки, целата постапка мора да се врати на периодот кога била ситуацијата регуларна. Тоа значи ако има, меѓутоа, повелете вие господа до ВМРО-ДПМНЕ да признаете дека, таа одлука е донесена во услови на не регуларност, односно дека не е донесена, истото треба да биде прифатено од страна на ДА, бидејќи таа пратеничка група во лицето на Парламентарниот спикер изјави, дека тука е пореметен односот и не е почитувана процедурата, бидејќи на тој начин се грицка и оној мал политички капитал, кој што беше стекнат во овие десетина дена на оваа пратеничка група, а господата од ВМРО треба да признаат дека направиле грешка, бидејќи јас лично учествувајќи во Комисијата за избори и именувања кога се состануваше и кажувавме дека оваа одлука е незаконска. Оттука произлегува така да кажам принципиелната политика на пратеничката група на СДСМ, која што укажуваше од почетокот дека оваа одлука е незаконска и дека таа ќе создаде големи проблеми, особено во услови кога изборните дејствија во Република Македонија беа почнати.

Според тоа, јас би бил практичен. Ако господата од ВМРО-ДПМНЕ заради суета и не знам кои други причини и господата од ДА, исто така дозволете во име на вашите две групи јас да повикам на една пауза, бидејќи 10 дена не ви се доволни да ги издоговорите работите, уште еднаш да седнете и да ја донесете дефинитивната одлука што понатаму. Очигледно, мислам дека нема потреба Собранието да навлегува во она што се случувале во овие 10 дена, ја чувствувате климата и мислам дека тој предлог треба да биде прифатен, а тоа значи дека одлука нема. Дали ќе биде потврдено од ова Собрание, или ќе се врати целокупната состојба назад, тоа значи дека треба да се уреди на оној начин, на кој што се залагаше господинот Стојан Андов.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Мое деловничко право е да барам да се изјасни Собранието, откако се изредија сите дискутанти, вклучително и господинот Црвенковски, кој си даде за право, а воедно

и сите други да ја дискутираат седницата на која што воопшто не беа присутни.

Тоа е негово право, меѓутоа да не ни дели лекција за право и демократичност ако не присуствувал на некоја седница. Се повикав на член 122 кој што вели: Ако претседателот смета дека на седницата не присуствуваат доволен број на пратеници, Вие јавно рековте дека сметате дека не присуствувале, ќе нареди да се изврши прозивање.

Со оглед на тоа што се работи за легитимно продолжена седница, не прекината, продолжена од проста причина што ние имаме петта точка на дневен ред, која вели Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавна здравствена организација Општинска аптека - Кочани. Значи не постојат ии формални причини седницата да биде завршена.

Ве молам, бидејќи ме поддржаа 10 пратеници, ако е потребно молам да се повтори постапката, да извршиме прегласувате на веќе донесената одлука, да ја потврдиме, или да ја отфрлиме и ова Собрание да работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дозволете ми да направиме половина час пауза и ги поканувам шефовите на парламентарните групи во мојот кабинет.

(Пауза од 15,05 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,50 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, да продолжиме со работа.

Во салата се присутни поголем број на пратеници, за да можеме да одлучуваме квалификувано и законито.

Како што знаете, извршив не само дополнителни консултации со шефовите на парламентарните групи, ја имав не само предвид добрата волја на ВМРО-ДПМНЕ и на Демократската партија на албанците, туку проверувајќи го стенограмот и листингот од гласањето, констатирав дека Одлуката не е донесена.

Врз основа на моите овластувања, за утре ја свикувам Дваесет и осмата седница и го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања да подготви нова одлука.

Одиме понатаму, точката 5 за да ја завршиме оваа седница.

(Аплауз од некои пратеници во салата).

Ќе Ве молам, без аплаузи.

Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Општинска аптека - Кочани.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

84 пратеници гласаа "за", немаме воздржани, 7 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Бидејќи со ова дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија и Ве молам, утре во 12,00 часот продолжуваме со Дваесет и осмата седница, а ќе добиете и писмено покана.

(Седницата заврши во 16,55 часот).